# ЕКОНОМИЈА БИЗНИС

ECONOMICS BUSINESS

Година X, бр. 112, мај 2007 - Списание за теорија и практика



**ГЛОБАЛИЗАЦИЈА НА БАНКАРСКИОТ КАПИТАЛ**

**ЛИДЕРСТВО**



**МЕРЕЊЕ НА ИНФЛАЦИЈАТА**

**АМЕРИКАНСКИОТ ДОЛАР КАКО МЕЃУНАРОДНА ВАЛУТА**

ISSN 1409-6781

9 771409 678008

ECONOMICS BUSINESS
ЕКОНОМИЈА БИЗНИС

*Во овој број:*

**М-р Петар Гошев**
МЕРЕЊЕ НА ИНФЛАЦИЈАТА 6

**М-р Благица Новковска**
**М-р Верка Панова-Гроздановска**
МЕРЕЊЕ НА ИНФЛАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ПРАКСА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА И ПРЕДИЗВИЦИ 8

**Д-р Марија Зарезанкова-Потевска**
МАКЕДОНСКАТА ИНСТИТУЦИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДДРШКА НА МАЛОТО СТОПАНСТВО И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО 14

**М-р Даниела Штерѓиска**
АМЕРИКАНСКИОТ ДОЛАР ВО ФУНКЦИЈА НА МЕЃУНАРОДЕН МОНЕТАРЕН МЕДИУМ 16

**Д-р Круме Николоски**
"СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ" НЕРАЗДЕЛЕН ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИОТ СИСТЕМ 19

**М-р Љерка Тот Наумова**
МАРГИНАЛНА ЕФИКАСНОСТ НА КАПИТАЛОТ 22

**М-р Ценка Милушева**
ГЛОБАЛИЗАЦИЈА НА БАНКАРСКИОТ КАПИТАЛ 24

**М-р Десанка Петковска**
ЛИДЕРСТВО 27

НОВА КНИГА - ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТОТ - ВТОР ДЕЛ 33

ПРОЧИТАВМЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ 34

РАМКАТА НА ММФ ЗА АНАЛИЗА НА СТАПКАТА НА ДЕВИЗНИОТ КУРС 35

ПОМАЛКУ НАФТА ЗА АМЕРИКАНЦИТЕ 36

БЕРЗАНСКИ БАРОМЕТАР 37
СТАТИСТИЧКО КАТЧЕ 40
БИЗНИСОТ ОВОЈ МЕСЕЦ 42

**Издавач (Editor):** *"ЕУРО-МАК-КОМПАНИ"доо- Скопје*

**Издавачки совет:** *д-р Глигор Бишев (претседател), Андреа Јосифовски, Благица Новковска, Бранко Азески, Габриела Конеска-Трајковска, Доне Таневски, д-р Драгољуб Арсовски, Живко Јанкуловски, Катерина Даскалова, м-р Петар Гошев, д-р Рубинчо Заревски, д-р Тихомир Јовановски, Трифун Костовски.*

**Редакција (Editorial):** *Проф. д-р Тихомир Јовановски, д-р Андријана Ристеска, д-р Антонија Никифорова, д-р Братислав Милошевиќ, Владимир Павлески, д-р Гордана Трајковска, д-р Гордана Витанова, д-р Гоце Петрески, м-р Даниела Штерѓиска, д-р Димко Кокароски, Драги Аргироски, д-р Живко Атанасовски, м-р Зоран Јовановски, м-р Зоран Ставревски, д-р Ирена Кикеркова, д-р Јован Пејковски, д-р Катерина Илијеска, д-р Љупчо Печијарески, Мира Тодорова, д-р Славица Роческа, д-р Софроние Миладиноски, Стојан Тренчевски, д-р Таки Фити, д-р Тихомир Чепреганов, д-р Трајко Славески.*

**Главен и одговорен уредник (Editor in Chief):** *Проф. д-р Тихомир Јовановски*

**Секретар (Secretary):** *Билјана Радевска*

**Техничко уредување (Computer and technical processing):** *Еуро-Мак-Компани, Скопје*

**Печати (Printed):** *"ВИНСЕНТ ГРАФИКА" - Скопје*

**Адреса на редакцијата (Publishers address):** *ул. Црвена општина б.б., 1000 Скопје*

**Телефон (Phone):** *3211-915, 3211-864*; **тел/факс (Phone/fax):** *+389 (0)2/3119-218*

**Web:** www.emc.com.mk

**E-mail:** *euromakcompany@hotmail.com, euromakcompany@gmail.com*

**Единствен даночен број (ЕДБ):** MK4030992257114

**Жиро сметка (giro account):** 300000001076348, Комерцијална банка Скопје

**Девизна сметка:** 40100-62016-1625730522-21808, Комерцијална банка Скопје

**Годишна претплата:** *Денарска противредност 70 ЕУР, за европски земји 130 ЕУР, за прекуокеански земји 150 УСД, плус 5% ДДВ.*

Списанието се оданочува со повластена даночна стапка согласно членот 30 од Законот за данок на додадена вредност.

Носител на материјалните права е издавачот. Забрането е препечатување, копирање и умножување на написите или нивни делови без претходно обезбедена согласност од издавачот.

**Погледите изнесени во објавените статии се на авторите на текстовите и не секогаш ги искажуваат погледите и ставовите на Редакцијата на "Економија и бизнис"**



*Д-р Круме Николоски*

# "СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ" НЕРАЗДЕЛЕН ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНО - ЕКОНОМСКИОТ СИСТЕМ

***Вовед***

Современите промени во социјално - економскиот живот треба да бидат вистински предизвик за државната власт во преземање на конкретни мерки за решавање на проблемите од областа на работните односи, вработувањето, пазарот на труд, индустриските односи, управувањето на човечките ресурси, социјалната политика, осигурувањето како и за подобрување на животниот стандард.

Изградбата на социјално - економските односи и нивното демократизирање се остварува врз основа на принципи и функции, насочени кон постигнување на оптимален соодност меѓу економските и социјалните претпоставки во изградба и усовршување на работните односи како одраз на едно демократско граѓанско општество.

Меѓу основните цели во процесот на приближување на законодавството е развивање на правна рамка за функционирање на одржлив пазарно ориентиран општествено - економски систем, отворен кон Европа и промоција на Република Македонија како социјална држава. Тоа ќе го овозможи социјалиот дијалог кој одигра многу важна улога во политичките, економските и социјалните процеси во земјите со развиено пазарно стопанство.

***Концепт за социјален дијалог***

Во движењето низ процесот на транзиција, во Република Македонија се извршуваат радикални реформи во економскиот, социјалниот и политичкиот живот при што се етаблира нов систем на вредности за обезбедување пазарно стопанство со стабилна парламентарна демократија. Тоа се промените во сопственоста на капиталот , работните односи, институционална структура на економијата и начинот на управување со претпријатијата. Сите овие реформи се одразија негативно врз грбот на работничката класа и врз нивната работноправната положба.

Поради отсуството на економско - социјалните принципи на дијалогот, спроведувањето на законите беше без согласност на социјалните партнери и со организациите на другите интересни групи при што изостана решавањето на социјалниот и правниот статус на работниците во претпријатијата. Резултат на сето тоа се: неисплатени плати, неисплатени придонеси за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, незаконитости во приватизацијата, стечајни постапки, стечајни работници, ликвидација на претпријатија, отпуштени работници, социјални случаеви, а сето тоа допринесе за зголемување на невработеноста и низок животен стандард.

Дијалогот како неразделен дел од општествено економскиот систем се игнорира од државната власт. Како последица на недостигот од соодветни принципи, норми, процедури и критериуми како неминовни фактори во развојот на економско-социјалните односи во Република Македонија, се уште не се постигнати значителни резултати за подобрување на сегашната состојбата. Сметам дека ваквата ситуација во која недостасуваат дијалогот, преговорите и соработката, е резултат на отсуство на општиот интерес меѓу учесниците во економско - социјалните односи.



Државната власт е таа која што треба да ја има најголемата заслуга во остварувањето на дијалогот и неговата изградба до определено равниште на организирано граѓанското општество, а посебно кога преовладуваат политички, економски и социјални проблеми.

За да стане членка на Европската унија, Република Македонија ќе треба да го исполни и овој услов меѓу групата услови за пристапување. Пристапувањето ќе се случи тогаш кога државата ќе биде способна да ги преземе обврските коишто произлегуваат од членството и со исполнување на економските, социјалните и политичките услови. За членството е потребно и државата кандидат да има постигнато стабилност на институциите преку кои ќе се остварува дијалогот. Во поглавјето за економско-социјалниот дел на стратегијата не се посебно разработени барањата поврзани со функционирањето на социјалниот дијалог во однос на усвојувањето acquis communautaire која секоја држава кандидат за пристапување мора да ги исполни.

Затоа, приоритетот на Владата на Република Македонија треба да биде силно изразен преку нов законски концепт на дијалог, а тоа е нужноста за креирање на заеднички јавен простор каде што ќе се разменуваат мислења и ставови, ќе се решаваат проблемите и ќе се развива институционален дијалог на сите нивоа (на ниво на работодавец, општинско ниво, гранково, регионално и на национално ниво). Комуникацијата треба да ги отвори каналите за креирање на заедничките интереси во рамките на општеството и формирање на свест за македонската автохтоност и државност.

За едно демократско граѓанско општество развиениот "концепт за ди-

јалог" е неопходност доколку се сака да стане дел од европското семејство.

Нема интеграција без заеднички вредности, нема интеграција без заеднички бизниси и нема интеграција без заеднички домови. Државата треба да инвестира во проекти од мултинационален интерес што ќе придонесат за интеграцијата кон Европската унија. Креирањето на концепт за дијалог во Република Македонија е процес кој треба да се развива во духот на меѓуетничките вредности: треба да ги задоволи аспирациите на националната култура и истовремено да израсне во простор за кохезија на општеството.

Светската практика во многу земји покажува, дека стандардот на живеење, вработеноста и социјалната сигурност се најважни услови за постигнување на стабилна пазарна економија. Социјалната глобализација и нејзиното директно влијание врз работните односи , доходите, социјалната заштита и врз целокупното општество не доведува до многубројни прашања, поврзани со сигурноста, традициите, културата, семејната положба, како и неизбежноста за нивно решавање .

Граѓанинот треба да биде централен субјект на граѓанското општество, кое треба да биде слободен и отворен простор за сите, почитувајќи ги начелата за автономност на личноста, меѓусебна активна соработка и здружување. Нема економско-социјални односи без моќно граѓанско општество. Партиите, сидикатите, работодавачите, верските и религиозни заедници, локалната самоуправа, интересните групи и групите за притисок, треба да се рамноправни актери во него. Битен предуслов за тоа е законско дефинирање на национална стратегија за развој на граѓанскиот сектор, законско дефинирање на нов модел на финансирање на граѓанските здруженија за да се обезбеди независност на нивното дејствување, како и формирање на нов национален систем за соработка во спроведување и институционализирање на дијалогот и координација меѓу субјектите во системот на индустриките односи.

Државата треба да е во интерес и да служи како сервис на граѓаните, да биде механизам за гарантирање и заштита на човековите слободи и права, лична сигурност, социјална заштита, заштита на здравствените, образовните и културните потреби, да биде подготвена да одговори на нивните барања, да биде професионална, компетентна, одговорна, транспаретна во рамките на Уставот и законите, способна да отвори перспективи за брз национален развој.

Лошите социјално-економски односи треба да ја поттикнат Владата на Република Македонија во идејата за остварувањето и практикувањето на социјалниот дијалог како единство и еднаквост на сите граѓани и заедници кои живеат на иста територија, почитувајќи ги и институциите на системот.

Република Македонија и понатаму останува во една неподнослива долготрајна противречна ситуација. Историски, културно и географски таа секогаш била во Европа. Процесот на интегрирање на Македонија мора да биде проследен со комплетен пакет на социјални мерки кои нема да дозволат реформите да бидат сфатени како отсуство на социјална правда и етничка пристрасност.

***Перспективи***

Имено, решавањето на овие проблеми ќе зависи од капацитет колку ќе се залага Владата на Република Македонија за имплементирање и институционализирање на дијалогот како нејзина стратешка цел за достигнување на оптимална рамнотежа меѓу политичките, економските и социјалните потреби и постигнување на прифатлива разлика меѓу сиромаштијата и благосостојбата. За таа цел, перспективите за развојот на социјалниот дијалог се наоѓаат во следните основни задачи:

- истражување на теоретско-методолошките прашања на дијалогот, а со негова помош да се откријат суштината, принципите, како и улогата за постигнување оптимални односи меѓу економските и социјлните потреби;
- изучување на дијалогот, неговиот развој и карактеристики, субјектите кои учествуваат во него и анализа на националната практика за колективното договарање;



- истражување за функционирање на дијалогот од гледна точка на состојбата и перспективите во процесот на изградба и усовршување на работните и осигурителните односи;
- синтеза на оценки за карактеристиките на Република Македонија конкретизирани во законска рамка, со систематизација на ставови и препораки базирани на научно-истражувачка работа;
- дефинирани програми и проекти со конкретни решенија за отварување на дијалогот во насока на постигнување на економска и социјална сигурност и подобрување на работноправната положба на работниците.

Во некои држави, местото и функцијата на институционализирање на формата "дијалог" е определен и по конституцијален пат. На пример, во Франција дијалогот е регламентиран во нејзината конституција како една дополнителна гаранција дека тој ќе се практикува како важен предуслов при формирање на решенија и одлуки од страна на државните институции.

За жал Македонија во овој транзиционен период најмалку се ангажирала во изградувањето и практикувањето на дијалогот за разрешување на економските и социјалните прашања. Потврда за ова е, и извештајот на Европската унија од 2006 година којшто оценува дека Македонија најмалку се ангажирала во напредокот да воспостави систем преку кои ќе се спроведува социјалниот дијалог. Затоа, во ваква состојба најважно е создавање на еден нов институционализиран систем на дијалог кој ќе се состои од претставници на различни економски и социјални интересни групи.

Целта е стимулирањето на идеи, програми и законски проекти за интеграција кон модерна европска нација како основен услов за стабилен, квалитетен и успешен развој.

***Заклучок***

Интеграцијата на Република Македонија треба да се темели на заедничките културни европски вредности врз база на организирано граѓанско општество, како што се владеењето на правото, општествена правда и одговорност, еднакви права и заштита на економските и социјалните интереси на сите граѓани на Република Македонија. Неминовна е активната меѓусебна соработка, дијалог, доверба и почитување врз основа на еднаквост на сите без оглед на бојата на кожата, верата и полот во насока кон остварување на поставените цели.

Убеден сум дека, нема демократија без организирани граѓани, нема национално единство без толеранција и дијалог, нема социјална сигурност и праведност без ефикасен систем на социјална политика и нема развој без европски културни вредности. А како наша трајна определба останува да бидеме активен учесник во процесот на одлучување за нашата иднина.

Анализата за економско-социјална состојба во Република Македонија ќе биде прифатена сериозно, доколку се искреира еден нов концепт на дијалог заснован врз принципите, правила и критериуми во негово спроведување и остварување кој ќе го одразува духот на добрата европска парактика и европските стандарди.

А што се однесува на дијалогот, сега нема потреба од потпишување вербални декларации, туку функционалност во неговото спроведување. Тој не е еднократен акт, нешто што завршува со една средба, конференција или спогодба. Тој е процес, кој што има почеток и продолжува како едно патување во работното време на општествениот развој. Ако дијалогот не се остварува, сите губиме од него, а кога се остварува добива целото општество.

Дијалогот е дел од демократијата, како начин на живот во современите услови на живеење. Во сите европски земји, во кои добро ни е познато и нивното искуство, тој живее. Тој се појавува во различни форми, елементи и нијанси, според степенот на економски, политички, социјален и културен развој, национални особености и традиции.

Во таа насока голема е улогата на правното уредување на дијалогот. Неговото актуелизирање и усовршување треба да биде цел на еден ефективен правен механизам за соработка, посредник за помирување, за разрешување на колективни спорови и конфликти. Социјалниот дијалог е белег на цивилизираност и пред се: Успешни се тие земји и народи, кои што го прифаќаат и практикуваат дијалогот. Да се огледаме на нив!





## SUMMARY

***Social dialog***

Modern changes in the social and economical life should be real challenge for the government for taking certain measures for solving problems connected to the human relations, employment, labour market, industrial relations, human resources management, social politics, insurance and improvement of the standard of living.

The dialog as an inseparable part of the socio-economical system is ignored by the government. As a consequence of the lack of adequate principals, norms, procedures and criteria as unavoidable factors in the development of the economical and social relations in Republic of Macedonia, still significant results for improvement of the current state isn't reached. I think that this situation where there is no dialog, negotiations and cooperation, is a result of absence of the general interest among the participants in the socio-economical relations.

So, the priority of the Government of Republic of Macedonia should be strongly expressed through the new law concept of social dialog, and that is the necessity for creating mutual public space where opinions and stands will be exchanged, the problems will be sold and an institutional dialog on all levels (on a level of an employer, municipality level, guild level, regional and national level) will be developed.

I'm sure that there isn't a democracy without organized citizens, there isn't national unity without tolerance, there isn't social security and justice without efficient system of social policy and there isn't development without the European cultural values. Our permanent determination is to be an active participant in the decision making process for out future.

The social dialog is process that has beginning and continuous as a journey of the working time in the socio-economical system. If the dialog isn't realized we all lose, and if it's realized we all get. In all the European countries, whose experience is well known to us, it lives. It appears in different forms, elements and nuances according to the level of the economical, political, social and cultural development, the national specific marks and traditions.

In that direction the role of the law organizing of the dialog is huge.

The social dialog is a mark of the civilization and first of all: Successful countries and nations are those that accept and practice the dialog. Lets be like them!



www.ilo.org. www.eu.int.

www.vlada.mk www.sei.gov.mk

Phare - Програма "Социјален дијалог"

Македонија во ЕУ (трето дополнително издание)

Влада на Република Македонија

Закон за работни односи на Р. Македонија.

Проф. Д-р Димитар Шопов:

Индустриски односи, 1997 Софија.

Green, G. Industrial Relations, Pitman, London, 1998.

Farnham, D. and J. Pimplott,

Understanding Industrial Relations, Cassell, London, 1991.

Marsh, A. Concise Encyclopedia of Industrial Relations, Gomar Press, 1979.